РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
Уп1 Бр.08-36
05.02.2018 година
Скопје

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 5, член 20 став 1 алинеја 10 и член 43 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), член 7 став 1 алинеја 8, член 39 став 1 алинеја 10 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, бр.01-4351/1 од 29.08.2014 година и член 51 став 3 алинеја 1 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.124/15), Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги согласно Заклучокот бр.02-566/4 од 05.02.2018 година, на својата 4-та седница, одржана на 05.02.2018 година, ја донесе следната:

**Одлука**
**за поведување на постапка за утврдување на постоење на недозволена медиумска концентрација по службена должност**

1. СЕ ПОВЕДУВА постапка за утврдување на постоење на недозволена медиумска концентрација, по службена должност, кај Трговското радиодифузно друштво ЕНЏЕЛС ФМ ДООЕЛ Штип, врз основа на податоци добиени од заинтересирано лице дека сопственикот на ТРД ЕНЏЕЛС ФМ ДООЕЛ Штип, физичкото лице Иле Митов е вонбрачен другар на Жанжанина Стојанова, која е сестра на лицето Роберт Димитров, основач на оператор на електронска комуникациска мрежа - Трговско радиодифузно друштво кабловска телевизија РОБИ ДООЕЛ Штип, што е спротивно на член 37 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17) и претставува основа Агенцијата да поведе постапка за утврдување на недозволена медиумска концентрација по службена должност.

2. Трговското радиодифузно друштво ЕНЏЕЛС ФМ ДООЕЛ Штип, во рок од 45 дена од денот на приемот на оваа Одлука, да ги достави сите податоци од значење за одлучувањето на Агенцијата.

3. Оваа Одлука е конечна.

**Образложение**

Трговското радиодифузно друштво Радио КАНАЛ 77 ДООЕЛ Штип до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги достави Барање за одземање на лиценца на ТРД Енџелс ФМ ДООЕЛ Штип, арх.бр.0302-319 од 28.11.2017 година (наш Уп1 бр.08-449 од 29.11.2017 година), во кое меѓудругото е наведено дека ТРД Енџелс ФМ ДООЕЛ Штип, ул. Ванчо Прќе бр.88 Штип (кое се води на иста адреса, управна зграда Телекабел Штип), е основано од лицето Иле Митов, од Штип којшто е истовремено и управител. Исто така, во доставеното Барање е наведено дека лицето Иле Митов е вонбрачен другар на Жанжанина Стојанова, која е сестра на Роберт Димитров, основач на Телекабел, оператор на јавна телекомуникациска мрежа.

Во членот 37 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги е утврдено дека *„физичко или правно лице кое е мнозински содружник или мнозински акционер во радиодифузер, како и поврзано лице со содружник или акционер во радиодифузер не може да основа, ниту да биде содружник или акционер, односно да учествува во сопственоста на издавач на печатен медиум кој издава дневен весник, новинска агенција, друштво за реклама и пропаганда, друштво за истражување на пазарот и јавното мислење, друштво за дистрибуција на аудиовизулни дела, друштво за филмска продукција или оператор на електронски комуникациски мрежи кој обезбедува реемитување или емитување на радио/телевизиски програми".*

Според член 36 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, *„Поврзани лица, во смисла на овој закон, се лицата кои се меѓусебно поврзани преку управување, капитал или на друг начин и кога тие поради таквата поврзаност заеднички можат да ја креираат деловната политика, односно да дејствуваат на координиран начин заради остварување на заеднички цели, или кога едно лице има можност да насочува или значајно да влијае врз друго лице при одлучувањето за финансирањето, деловното работење или при одлучување за програмскиот концепт на радиодифузер."Како поврзани лица од цитираниот* став *(1) на овој член особено се сметаат: - членовите на семејството..."* (член 36 став 2 алинеја 1 од истиот Закон), а согласно член 3 став 1 точка 27 од цитираниот закон *„Членови на семејство се брачниот и вонбрачниот другар, родители, деца, браќа и сестри, посвојувачи и посвоени деца, како и лица кои живеат во заедничко домаќинство".*

Со оглед на тоа дека во Република Македонија не постои официјален регистар од кој може да се утврди постоењето вонбрачна заедница помеѓу било кои две лица, Агенцијата постапувајќи согласно член 43 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 11.12.2017 година, со писмен допис – Барање податоци (Уп1 бр.08-449) од лицето Иле Митов, кој е управител и единствен содружник на ТРД Енџелс ФМ ДООЕЛ Штип, побара во писмена форма да се изјасни по однос на тврдењата дека е вонбрачен другар на Жанжанина Стојанова, која е сестра на Роберт Димитров, основач на Телекабел, оператор на јавна телекомуникациска мрежа. Воедно, Агенцијата со писмен допис – Барање податоци (Уп1 бр.08-449 од 11.12.2017 година) се обрати и до заинтересираното лице - управител на ТРД Радио КАНАЛ 77 ДООЕЛ Штип, како подносител на Барањето, со цел истиот да ги потврди ваквите тврдења со доставување на писмена изјава заверена на нотар.

На 20.12.2017 година, управителот на ТРД Енџелс ФМ ДООЕЛ Штип, Иле Митов до Агенцијата достави Допис - Одговор на барање за добивање на податоци од ТРД Енџелс ФМ ДООЕЛ Штип преку основач и управител Иле Митов од Штип, бр.03-57/2 од 18.12.2017 година (наш Уп1 бр.08-449 од 20.12.2017 година), во кој е наведено дека *„...изнесените тврдења од страна на ТРД РАДИО КАНАЛ 77 Штип не се точни".*

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 21.12.2017 година, со Допис – Барање во врска со допис (наш Уп1 бр.08-449) побара од физичкото лице Иле Митов во рок од 15 дена од денот на приемот на дописот, во Агенцијата да достави нотарски заверена изјава дека лицето Жанжанина Стојанова не е негов вонбрачен другар. Исто така, од страна на Агенцијата на 15.01.2018 година до ТРД Енџелс ФМ ДООЕЛ Штип беше пратен уште еден Допис – Барање за доставување изјава заверена на нотар (Уп1 бр.08-449) во кој беше наведено, физичкото лице Иле Митов да ја достави бараната нотарски заверена изјава во рок од седум дена од денот на приемот на дописот. Овој рок истече на 22.01.2018 година и лицето Иле Митов не ја достави бараната изјава.

Заклучно со 29.01.2018 година до Агенцијата, ниту заинтересираното лице Горан Гаврилов, управител на ТРД Радио КАНАЛ 77 ДООЕЛ Штип не достави нотарски заверена изјава со која ќе ги потврди своите тврдења. Наместо нотарски заверена изјава, на 18.12.2017 година управителот на ТРД Радио КАНАЛ 77 ДООЕЛ Штип побара од Агенцијата да му даде дополнителна информација врз основа на кој закон или подзаконски акт од него како управител или како граѓанин се бара да даде изјава на нотар.

Имајќи го предвид сето погоренаведено, потребно е да се преземат активности за да се обезбедат релевантни материјални докази, односно до крај да се испита основаноста на сознанијата за евентуално постоење на недозволена медиумска концентрација.

Имено, согласно член 43 од цитираниот закон доколку Агенцијата врз основа на сопствени сознанија или врз основа на податоци добиени од заинтересирани лица има сознанија за евентуално постоење на недозволена медиумска концентрација, ќе ги испита таквите сознанија по службена должност без одлагање. При испитување на ваквите сознанија, Агенцијата ќе побара од радиодифузерот, во рок кој не може да биде пократок од 15 дена и не подолг од 45 дена, да ги достави сите податоци од значење за одлучување на Агенцијата.

Следствено на наведеното, се одлучи да се поведе постапка по службена должност за утврдување на постоење на недозволена медиумска концентрација кај ТРД ЕНЏЕЛС ФМ ДООЕЛ Штип, врз основа на податоци добиени од заинтересирано лице дека сопственикот на ТРД ЕНЏЕЛС ФМ ДООЕЛ Штип, физичкото лице Иле Митов е вонбрачен другар на Жанжанина Стојанова, која е сестра на лицето Роберт Димитров, основач на оператор на електронска комуникациска мрежа - Трговско радиодифузно друштво кабловска телевизија РОБИ ДООЕЛ Штип, што е спротивно на член 37 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17) и претставува основа Агенцијата да поведе постапка за утврдување на недозволена медиумска концентрација по службена должност, а ТРД ЕНЏЕЛС ФМ ДООЕЛ Штип, во рок од 45 дена од денот на приемот на оваа Одлука, да ги достави сите податоци од значење за одлучувањето на Агенцијата.

Врз основа на погоренаведено, се донесе одлука како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот на Агенцијата,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против оваа одлука радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на одлуката.

Доставено до:

- Трговското радиодифузно друштво ЕНЏЕЛС ФМ ДООЕЛ Штип;
- Управителот на Трговското радиодифузно друштво ЕНЏЕЛС ФМ ДООЕЛ Штип;
- Секторот за стратешко планирање и авторски права; и
- Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп1.